# Отворени денови за иницијативи на граѓанските организации
## Образец за пријава на иницијативи

Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме за интересот за пријава на иницијатива во рамки на петтиот од серијата „Отворените денови за иницијативи на граѓанските организации на тема Младински политики кој ќе се одржи на 27.06.2019 година, со почеток во 11.00 часот во Свечена сала, Влада на РСМ.

**Ве замолуваме, пред пополнување на овој образец за пријава, внимателно да го прочитате Упатството за поднесување на иницијативи и брифот со тековни младински политики и проекти**

**Назив на вашата организација: Здружение за заштита и едукација на деца и млади Роми - Прогрес**

**Адреса (улица, број, општина): Ул. Виетнамска, бр.60, 1000 Скопје, Шуто Оризари**

**Електронска пошта (e-mail): roma.progress@yahoo.com**

**Телефонски број: 071/376-450**

**Лице за контакт (име и презиме, телефон и е-пошта): Кети Јованова, 071/696-995**

**Веб страница на вашата организација: www.romaprogress.org.mk**

**Наслов на вашата иницијатива:**

**Краток наслов на иницијативата:**
**Описен наслов: “Превенција од рано напуштање на образовниот процес и еднаков и инклузивен пристап до образование за Ромите”**

**На која од областите на младински политики се однесува вашата иницијатива?**

1. Средношколско демократско организирање
   + Средношколски стандард
2. Студентско демократско организирање;
   + Студентски стандард
3. Ко – менаџмент тело за координација помеѓу младинските организации и институциите и за структурен дијалог
4. Сеопфатно сексуално образование
5. Употреба на психотропни супстанции меѓу малолетници и млади
6. Зелени работни места
7. Младинска работа
8. Младинска гаранција

9. Закон за млади
10. Ревизија на Националната стратегија за млади
11. Проекти за млади во рамки на ФИТР
12. Европска младинска картичка

- ✓ **Едно општество - (компонента Млади, компонента Образование, со фокус на младински размени и справување со говор на омраза)**

14. Помагање на заедниците (младински активизам на локално ниво - community service, волонтерство)

**Проблеми и потреби:**

(Идентификувајте проблем поврзан со тековната младинска политика и образложете го. Максимум еден параграф)

Младите Роми во Северна Македонија спаѓаат во категоријата на лица кои се соочуваат со најнизок степен на писменост, и млади кои по завршување на задолжителното средно училиште не се одлучуваат да го продолжат своето образование што дополнително води кон зголемување на сиромаштијата кај Ромското население. Заради тоа, ја утврдивме потребата од спроведување на иницијатива која ќе е насочена кон подигнување на квалитетот на образованието и подобрување на пристапот и интегрирањето на младите Роми во образованието. Многу од младите Роми прерано го напуштаат училиштето или воопшто не пристапуваат кон процесот на школување поради немање на соодветна лична документација или поради низок социо- економски статус. Сметаме дека е потребно системско решавање и соодветно евидентирање на овие случаи, со цел да може да се вклучат во образованието и во заедницата и да се намали процентот на млади кои се без образование.

**Објаснување на иницијативата:**

(Објаснете ја вашата иницијатива, поврзана со тековна младинска политика односно што е она кое вие го предлагате со оваа иницијатива и наведете ја надлежната институција која треба да ја спроведе. Максимум два параграфи.)

Преку оваа иницијатива сакаме да ги опфатиме родителите, децата и педагозите со цел да се таргетираат сите релевантни стејхолдери и засегнати страни и да се отстранат сите административни потешкотии за време на школувањето, како и да им се понуди поддршка на децата и младите. Одговорни соодветни институции за оваа иницијатива би биле Министерството за труд и социјална политика како и Министерството за образование и наука.

Приоритети на оваа иницијатива се инклузија во образованието и елиминирање на дискриминацијата, предрасудите и говорот на омраза кон Ромите и останатите етнички заедници во образовниот процес. Истите планираме да ги опфатиме преку реформи во образованието каде што на децата со проблеми во однесувањето, и деца кои воопшто не посетуваат образование ќе се изработат посебни индивидуални планови заедно со наставниците и со родителите, и со децата ќе се работи според тој план во вид на дополнителна настава. Исто така, во склоп на Шуто Оризари сакаме да се креира посебно катче за младите каде ќе може да се изразуваат, едуцираат и заедно со волонтери да работат на изучување на наставните материјали и реализација на планот.

**Цели и очекувани резултати:**
(Објаснете кои се целите што ќе се постигнат доколку се спроведе предложената иницијатива. Објаснете кои се посакуваните или очекуваните ефекти, односно што ќе се промени доколку се спроведе предложената иницијатива. Максимум еден параграф.)

Целите кои сакаме да постигнеме преку имплементација на проектните активности се: Зголемување на процентот на запишани Роми во основно и средно училиште, намалување на нивото на малолетничка деликвенција кај младите Роми во Шуто Оризари и спроведување на реформи за квалитетен и еднаков пристап во образованието преку соработка со Министерството за Образование.

**Проценка на финансиски импликации и временска рамка:**
(Наведете, јавни финансиски импликации за реализација на предложената иницијатива, т.е. проценка колку буџетски средства би биле потребни за да се спроведе Вашиот предлог. Претставете ја временската рамка на спроведување на иницијативата.)

**Временска рамка**: Планираниот период на спроведување е од 01.08.2019- 30.06.2020 година.
Во текот на првиот месец предвидена е почетна фаза во која се одредува агендата на активностите, се остварува комуникација со надлежните органи и институции, како и со медиумите за промоција и видливост во јавноста. Потоа во главната фаза следуваат активностите за остварување на консултативни средби и јавни трибини за присуство на проблемот во јавноста и подигнување на свеста кај Ромската популација, снимање на аудио-визеулни материјали за онлајн кампања, и креирање на документ за застапување, односно полиси бриф со препораки, сугестии, заклучоци и предлози за дополнување на образовните политики и реформи. На крајот од проектот следи завршна фаза каде е опфатена евалуација на проектот и мерење на импактот од активностите како и изготвување на финални финансиски и наративни извештаи.
**Планирана сума** за административни трошоци, човечки ресурси и директни трошоци за активности е 540.000 денари.

**Начелен план за мониторинг и евалуација:**
(Објаснете како планирате да го следите и оцените спроведувањето на вашата иницијатива. Максимум еден параграф.)

Самиот проектен тим, односно координаторот и асистентот ќе бидат задолжени за интерна евалуација и следење на активностите и постигнувањето на наведените цели и резултати. По секоја проектна активност, ќебидат следени и факторите за успех и мерење на индикаторите. Евалуацијата ќе ја вршат и сите клучни целни групи инволвирани во проектот, преку спроведување на прашалници, анкети и други инструменти и алатки за евалуација и фидбек. Истовремено, преку мониторинг и евалуација ќе се обезбеди и одржливост на самите активности и навремено справување со можните ризици кои би се јавиле во текот на проектот. Во текот на секој месец ќе се организираат и тековни состаноци и консултативни средби со проектните менаџери, тимот и партнерите со цел следење на моменталните состојби и активности и менаџирање со ресурси.

**Прилози (опционално):**
(Прикачете подетални информации за предметот, целите и позадината на предложената иницијатива, студии и анализи што ги сметате за релевантни, итн)

- Статистики – Врз основа на анализата на Ромите во образованието, спроведена од МТСП во 2010 година, превземени се чекори за надминување на нискиот степен на писменост кај Ромите и вклучување во образовниот процес. Дел од тие мерки опфаќаат задолжително средно образование, бесплатен јавен превоз и учебници, воспоставување на образовни фондови и Акти за Ромите со што бројката е значително намалена, но не и целосно решена, бидејќи ова само го олеснува образовниот процес за оние ученици веќе вклучени во образованието, кои сакаат да посетуваат настава но не и оние кои воопшто не се запишале во основно или средно училиште, чија бројка е се уште висока.

- Во текот на 2018 година, Здружението Прогрес, со поддршка на ИнСоК, го спроведе проектот – **"Вклучени Роми – Светла иднина",** каде што преку теренски истражувања креираше дата база на лица кои не поседуваат никаква лична документација (лична карта, извод од матична книга на родени и сл.), од кои меѓу нив се наоѓаат и деца и млади, заради што не се во можност да ги остварат своите основни човекови права, вклучително и **правото на образование**. Оваа иницијатива произлегува токму од овие проблеми и потреби на младите Роми кои беа затекнати за време на спроведување на теренското истражување и прибирање на податоците. Дури 94 Роми беа евидентирани како случаи кои немаат лична документација и се водат како фантоми во општеството.